# 365 ДЕНА ПРОМЕНИ ШТО НОСАТ ИДНИНА

## ОТЧЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ



ноември 2022 година



# Градоначалник на Општина Зрновци

# Борчо Коцев

Почитувани сограѓани,
Помина една година откако ја преземав функцијата градоначалник на Општина Зрновци и се обврзав пред Вас граѓаните на Зрновци со работа, труд и посветеност за оправдување на довербата коишто ми ја дадоа како на мене така и на апсолутното мнозинство во Советот на општина Зрновци од нашата партија ВМРО-ДПМНЕ. Улогата на градоначалникот е посветено, пожртвувано и домаќинско работење, донесување на одлуки и преземање на потези исклучително за доброто на сите граѓани на општината.
Во една од најтешките години за Локалните самоуправи, во услови на економска и енергетска криза, постковид ситуација, кратење на средства, заедно со стручната служба, Советот на Општина Зрновци, Локалниот младински совет и Локалниот економски совет, со донесени Програми за работа и рационален Буџет за 2022 година, со многу труд и енергија и желба за напредок на Зрновци, успеавме во реализација на многу работи и проекти, решивме две децениски проблеми, преземавме визионерски чекори во планирањето на претстојните активности.
Како градоначалник на Општина Зрновци ветив максимална поддршка за учество на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки за унапредување на положбата на младите во општеството, како и заедничко планирање на активности поврзани со и за младите во општина Зрновци.
Денес, една година подоцна од формирањето на Локалниот младински Совет можам да кажам дека сум горд на Вашите заложби, посветеност и дејствување со цел реализација на Вашата програма.
Успеавме да реализираме хумани и еколошки акции, за прв пат организираме нови спортски настани, културни манифестации, забави за младите и семинари.
Сработено Ве прави пример во регионот како Локалниот младински Совет треба да се функционира во општината.
Продолжуваме понатаму да работиме посветено за добробит на сите граѓани на општина Зрновци.

# МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## Изградба и реконструкција на 5 улици во општина Зрновци



Најфреквентната улица во централното јадро на Зрновци **„Генерал Михајло Апостолски"** доби модерна урбана слика со реконструкција, асфалтирање и проширување во должина од 120 метри, ширина од 5 метри и паркинг простор од 100 квадратни метри во вредност од 564.529 денари.
Воедно, согласно изготвениот сообраќаен проект и добиената согласност од Секторот за внатрешни работи –ШТИП, Општина Зрновци изврши промена на сообраќајниот режим за движење на моторни возила на истата. За време на летниот распуст во текот на месеците јуни, јули и август во времетраење од 17:00 до 05:00 часот улицата е затворена за движење на моторни возила, се со цел зголемена безбедност и превенција на децата, посетителите на угостителските објекти и сите жители на општина Зрновци.
Улица **„Илинденска -1“** реконструкција, проширување и асфалтирање во должина од 220 метри и ширина од 3 метри во вредност од 534.289 денари.
Крак од ул. **„Илинденска 2“** реконструирана, проширена и асфалтирана улица во должина од 250 метри и ширина од 3 метри во вредност од 549.453 денари.
Улица **„АВНОЈ“** во Зрновци, реконструкција, проширување и асфалтирање во должина од 177 метри, ширина од 3 метри со крстосница од 150 метри квадратни, по претходна сменета секундарна водоводна мрежа на истата, во висина од 664 855 денари.
Два крака од улицата **„Илија Танев“** во село Мородвис со должина од 180 метри и ширина од 2,5 метри во висина од 498 668 денари.

**Во фаза на реализација до 15 ноември 2022:**
„Арсо Ангелов“- Видовиште
Улица околу црковен храм во село Видовиште
Улица во село Мородвис

365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# УРЕДУВАЊЕ НА ПОЛСКИ, ПЛАНИНСКИ ПАТИШТА И ТРОТОАРСКИ ПОВРШИНИ

## Уредување на полски и планински патишта во населените места Зрновци, Мородвис и Видовиште



Во текот на едногодишниот мандат беа уредени полски и планински патишта во населените места Зрновци, Мородвис, Видовиште со пробивање, тампонирање и порамнување.
Уредување на планински пат од село Мородвис до манастирот „Св. Симеон“, планински пат Видовиште – манастир „Св. Спас“, Видовиште до манастир „Св. Петка“, Зрновци – м.в „Водна Кула“ и м.в Оризови гумна - Друмот.

Бетонирање на земјени патеки покрај фреквентни улици во Зрновци со изградба на тротоарски површини за поголема безбедност на пешаците и останатите учесници во сообраќајот на:



Ул. „Илинденска“
Ул: „Аспарух Манев“
Ул. „Партизанска“
и крак од улицата „Маршал Тито“.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИ МОСТОВИ НА РЕКА ЗРНОВКА

## Реконструкција и проширување на сообраќајниот мост „Капетан Синиша Стоилов“ и мост во долен дел на река Зрновка

Реконструкција и проширување на сообраќаен мост „Капетан Синиша Стоилов“ во Зрновци, средства и реализација од страна на Јавното претпријатие за државни патишта на Република Македонија.



Санација на сообраќаен мост во долниот дел на река Зрновка потпишан договор, во фаза на изведба во висина од 250 илјади денари.

# КЕЈСКИ И ПОТПОРНИ ЅИДОВИ

## Изградба на кејски и потпорни ѕидови во Зрновци



Изградба на кејски потпорен ѕид на улицата „Генерал Апостолски“ и потпорен ѕид на улицата „Тодор Арсов“ во Зрновци во фаза на изведба со потпишан договор во висина од 235 илјади денари.

365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

## Изградба, реконструкција и санација на водоводна и канализациона мрежа во населените места во Општина Зрновци



Промена на секундарна водоводна мрежа на крак од ул. „АВНОЈ“ во должина од 100 метри
Каптажа за водоснабдување на домаќинствата со систем за бактериолошко и хемиско третирање во село Мородвис.
Оспособување и расчистување на брана-зафат во село Видовиште за акумулирање на вода за водоснабдување на домаќинствата.

## Изготвена комплетно проектна документација за изградба на цевковод за водоснабдување во должина од 200 метри

## Изградба на резервоар за водоснабдување во село Зрновци

Изградба на резервоар за водоснабдување во село Зрновци (завршена тендерска постапка, во фаза на потпишување на договори, рок на изградба крај на месец ноември 2022 год.) во висина од 2 055 000 денари.

## Изградба на резервоар за водоснабдување во село Видовиште

Изградба на резервоар за водоснабдување во село Видовиште (завршена тендерска постапка, во фаза на потпишување на договори, рок на изградба крај на месец ноември 2022 год. ) во висина од 1.7 милиони денари.

## Промена на опализиран туф во самоперачки филтри на фабриката за вода

Промена на опализиран туф во самоперачки филтри на фабриката за вода, воспоставен правилен начин на дозирање хлор, санирани повеќегодишни дефекти на Фабриката за вода во Зрновци.

# ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

## Изградба и реконструкција на фекална канализациона мрежа во Општина Зрновци

Изградба на канализациона мрежа на крак од ул „Илинденска“ во Зрновци во висина од 1,2 милиони денари. Обезбедени средства за материјали за изградба на крак за фекална канализација во село Мородвис.



Изготвена проектна документација за изградба на Пречистителна станица за отпадни води во село Видовиште во вредност на проект од 2 милиони денари. Изготвена проектна документација за изградба на Пречистителна станица за отпадни води во село Зрновци во вредност на проектот од 1,2 милиони денари.

# ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИ КАНАЛИ

## Чистење и тековно одржување на речни канали во Зрновци




Навремено санирање на дефекти и тековни проблеми на примарна и секундарна водоводна и канализациона мрежа.



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## Постпка за изградба на фотоволтаични енергетски централи на објетки на Општина Зрновци

Започната постапка за изградба на три фотоволтаични енергетски централи за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија на:



- Кровна конструкција на Дом на култура во село Видовиште
-Кровна конструкција на Дом на културата во село Мородвис
- Кровна конструкција на училишна зграда на ОУ „Синиша Стоилов“ во село Зрновци

# УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## Промена на уличното осветлување на влезот во општина Зрновци, нови сијалични места и одржување на уличното осветлување

Поставени енергетски економични лед рефлектори, осветлени влезовите во Зрновци и поставени над 30 нови сијалични места на улици кои досега не беа осветлени, редовно одржување, замена на неисправни светилки во висина до 600 илјади денари.



# УРБАНИЗАМ

## Изготвени урбанистички планови за населените места во Зрновци и проект за парцелизација на плацеви за индивидуално домување



Изготвени и донесени урбанистички планови за село Зрновци, Мородвис и Видовиште.

Изработка на два проекти за парцелизација на плацеви за индивидуално домување во село Зрновци.

# УРБАНА И СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА

## Поставување на урбана и сообраќајна опрема

Поставена урбана опрема, јарболи во Зрновци, Видовиште и Мородвис, поставување  на клупи, фонтани, детски реквизити.
Поставување на сообраќајна опрема – успорувачи насообраќајот.



## Изградба на автобуска постојка

Во Зрновци се изгради автобуска постојка во висина од 270 илјади денари.



# ОБРАЗОВАНИЕ

## Изготвена проектна документација за реконструкција и проширување на објектот на ОУ „Синиша Стоилов“ во Зрновци



Изготвен проект за доградба на училишна зграда на ОУ „Синиша Стоилов“ – Зрновци.
Изготвен проект за проширување на училишна спортска сала и простор за трибини во ОУ „Синиша Стоилов“ – Зрновци.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ

## Реконструкција и опремување на објекти во сопственост на Општина Зрновци

Реконструкција, санација со енергетска ефикасна фасада на Домот на култура во село Мородвис во висина од 2.2 милиони денари обезбедени од Биро за рурален развој од кои кофининансирање на Општина Зрновци од 700 илјади денари.



Реконструкција и санација на сала на приземје во општинската зграда во висина од 150 илјади денари.

# ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

## Уредување на простор за изградба на парк и хортикултурно уредување на општината



Започнато уредување на простор за изградба на парк од 500 метри квадратни во висина од 300 илјади денари.
Засадување на дрвца и хортикултурно уредување на простор околу Етно парк во Зрновци.



# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## Поддршка за земјоделски и рурален развој на Зрновци

Усвоен проект за реализација на бетонирање на морошка и виничка вада со изградба на три каскади на река Зрновка во износ од 9,5 милиони денари.
На 6 април 2022 година, Општина Зрновци и Агенцијата на Соединетите американски држави за меѓународен развој УСАИД – Македонија потпиша Меморандум за партнерство на проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА И ПРОТИВПОЖАРНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Локалната самоуправа на Општина Зрновци дава поддршка на проектот за Нега и грижана стари лица во соработка со Црвен крст како и противпожарна заштита на населението**




Активно учество во проектот Нега и грижа на стари лица „Подвижност“.
 Потпишан меморандум за соработка со Доброволно противпожарно друштво – Кочани.
Потпишан меморандум за соработка со Доброволна планинска спасителна служба „Осогово“.

# СУБВЕНЦИИ И ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВА И ГРАЃАНИ

**Парична поддршка на семејства и граѓани преку субвенционирање на новороденчиња и стипендии за ученици од општината во износ од 200 илјади денари**

Парични средства за секое новороденче во 2022 година.
Ученици во средно и основно образование (деца на самохрани родители и социјално ранливи категории).
Студенти запишани редовно во прва година на државните универзитети во Македонија.
Хуманитарна помош на граѓани преку хуманитарни пакети со храна и лекување.



# СПОРТ

## Проектна документација за изградба на спортско – рекреативен центар во село Мородвис



Изготвена комплетна проектна документација за изградба на спортско - рекреативен комплекс за младите во село Мородвис во вредност на проектот од 6,5 милиони денари.

Прв меморијален традиционален турнир во мал фудбал „Капетан Синиша Стоилов“.

Прв традиционален турнир во мал фудбал по повод Ден на општина „Свети Димитриј“

Традиционален Илинденски турнир во мал фудбал.

Прв традиционален Урбано- ридски крос под мотото „Младите трчаат“ во чест на сограѓанинот Васе Ангелов.

Подршка на локалните спортски клубови.



# КУЛТУРАТА

## Поддршка за проекти од културата, преку ликовни колонии, музички фестивали и манифестации

По повод Ден на општината 8-ми Ноември  Ликовна колонија, музички фестивал, настап на играорни групи од земјата и странство, забава на младите со музички групи.

Велигденски Колаж - настап на играорни групи, базар

Ѓурговденски фестивал

Музички фестивал – „Бадников оган“.



365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

## Расчистување на диви депонии и уредување на земјени површини во општината и еколошки акции

Расчистување и уредување на локална депонија во Зрновци, уредување на кеј на Морошка река земјени површини во Видовиште.

Еколошка акција со Локалниот младински совет и КЈП „Водна кула“.

Еколошка акција со месното население на викенд населба Дивичен Вир - Брана Зрновци.

Потпишан договор за дислокација на постоечката локална депонија на општина Зрновци.




## Модерен и атрактивен локален туризам

Започнато изготвување на стратегија за развој на туризмот во соработка со Агенцијата за подршка и развој на туризмот на Република Македонија.

# МЛАДИ

## Локалната самоуправа на Зрновци реализира проекти и активности за младински активизам и вклученост на младите во донесувањето на одлуки

Формиран Локален младински Совет на Општина Зрновци кој активно работи на младински политики и вклученост во активности и проекти од младински интерес во заедницата.

Вклучување на младите во процесот на носење на одлуки од младински интерес.




# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

## Дигитализација на општински услуги и нова надградена веб – страница на Општина Зрновци

Изготвена и во функција нова надоградена веб – страница на Општина Зрновци за полесен пристап до информации од јавен карактер

Учество во проект „Дигитализација на општинските услуги“ во имплементација на УНДП и Бирото за регионален развој


365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА